завршив четворто одделение, за кого имам посебен текст во мојата книга Лица од Лешок. ( Р. бр. 25, стр. 169 ).
Од овој род по мајка му Даница, го знам и Раско Мирчевски -Гуља, кој е познат спортист и тренер во ФК Оникс, Лешок и ОК Лешок и во ФК Љуботен и ФК Тетекс, Тетово, Види, (Р. бр. 3 и 23 , стр. 287- 296, Р. бр. 7, стр. 90 и Р. бр. 8, стр. 79-80). http://spiroski.com.mk/
Со Душан Божиновски -Мазарак сме Генерација 1949/50, и многу се дружевме, како и со другите деца под Бучејца, Боре- Аљаља, Боре, Благо, Блага, Оље, Павлинка, Мирко, Рада, Којо, Ладе и др. Види, ( Р. бр.12 и Р. бр. 14, стр. 131 и Р. бр. 5 и 15, стр. 166). http://spiroski.com.mk/
**в. Речник,** ( Р. бр. 18, стр. 59, 90-91,143,196,211,215,223), **Гуљакооj, јабана, Мазаракооj, Праникооj, род, Сандарооj, слава,**

|  |  |  |  |  |  |  | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Микаељ + | Зора + | Александра + | Велика | Борис | Раско + | Јорда + | |

# 45. Сибинооj

**Сибинооj** е нов род во Долно маало на кој слава е Митровден. Името на родот се нарекува Сибинооj и произлегува од предокот Сибин од Котлино, кој бил домазет за ќерката на Угрин од родот Костадинооj.
Од Сибинооj јас го знам аџо Микље Иљов Сибиновски, кој има три сина: Перо, Иљо и Љубе и две ќерки: Грозда и Дафинка. Синовите Иљо, Перко и Љубе останаа да живеат во Лешок и се прозиваат Спасовски по дедо му на аџо Микље, кој се викал Спасо. На аџо Микље татко му се викал Иљо, дедо му Спасо, а прадедо му се викал Сибин. Сибин е дојден од с. Котлино, Косово и по него потомците се викаат Сибинооj. Потомците на Сибин не ги знаат претците од Котлино оти Сибин сам е доселен во Долно маало. Спасо имал два сина Иљо и Андро. Иљо го имал синот Микље, а Андро имал син Ристо.
Љубе со сопругата Илинка од Одри имаат син Живко и ќерка Биљана. Биљана е мажена и има два сина Бојан и Бобан. Иљо има син Мирко и ќерка Лидија и Перо има син Зоран и ќерка Јована.
Дафинка е мажена во Тетово и има два сина Павле и Душко и ќерка Павлина и Грозда е мажена за Митко Анѓелковски-берберот од Коачооj од Варвара и се преселија во Детроит и имаат ќерка Даниела и син Томислав.
Го знам и Ристо Андров Сибиновски, кој го викавме Asабан. Ристо е преселен во Детоит и имаше два сина Тодор и Душан и една ќерка Верка.
Тодор е преселен во Тетово и има два сина: Љубе и Ристо.
Душан Сибиновски - Asабан има син Мирослав и ќерка Мира и со фамилијата живеат во Детроит. Мирослав има две деца и Мира е мажена со Мирко од Прнџооj од Варвара и имаат ќерка Јасмина и син Јовица.
Верка е мажена за ? од родот Џуклевсци од Брезно и имаат син Борис, кој живее во Вождовац, Белград и има две ќерки, едната завршила фармација и другата медицина. Џуклевци се познати и афирмирани пекари-фурнаџии во Белград.
Перо Димитриевски е син на Микље од Костадинооj од Долно маало. Инаку, Микле и нивната фамилија знаат дека се посебен род, дојдени од Котлино, кои ги нарекуваме Сибинооj. Микље има пет деца Перо, Иљо, Љупче, Грозда и Дафинка. Јас лично го знам Микље и сите пет деца. Аџо

Микље ми велеше дека на местото кај гробиштата под Млака во Долно маало, порано имало црква која се викала Св. Димитрие, а не Св. Богородица. Така, последниве години местото и гробиштата се уредија и се одржувааат, а објектот на параклисот се обнови и внатре се зографиса, а на влезната врата е насликан Св. Димитрие. Љупче со сопругата Илинка имаат заслуга што местото на разурнатата црква Св.Петка се одржуваше и можевме верниците и да запалиме свеќи.
**в. Речник,** ( Р. бр. 18,стр.65-66, 118-119,211,223, ). **Долно маало, Костадинооj, род, слава, Сибинооj,**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  | |
| Микље + | Ристо + | Перо | Љупче | Иљо | |

# 46. Скукооj

**Скукооj** се **нов** род од Лешок, кои се доселиле од Сетоле. Домашна слава е **Св. Никола**. Куќите им се на Бања под влезната врата на Манастирот и лево од изворот од Киселата вода.
Од овоj род го познавав дедо Столе - Скуко, со синовите Косте, Ратко и Јоанче и двете ќерки Блага и Мара.
Дедо Столе од родот Скукооj и дедо Трпо од родот Лалошооj биле Генерација и многу се дружеле, а имам фотографија (нажалост е оштетена) од Јули 1917 год. од свадбата на дедо Трпо Онуфриевски и баба Цвета од родот Петкои од Непроштено. (Р. бр. 1 и 22, стр. 298-307 и 372-388 во ТОМ-1 , стр. 751-759 во ТОМ-2 Р. бр. 18, стр.222-223 ). http://spiroski.com.mk/
Јас добро ги знам синовите Мирко и Спасо од аџо Косте Кироски, потоа синовите Киро и Дракче од Јованче и четирите ќерки Снешка, Јованка, Валентина и Милка од Ратко.
Аџо Косте со сопругата Цвета од Станкооj има два сина Мирко и Спасо. Аџо Косте работеше како сметководител во Болницата за ТБЦ во Лешок. Косте беше генерација со татко ми Живко и имам фотографија во дресови на ФК Лешок, кога 1949 год. играле фудбал. ( Р. бр. 3 и 23, стр. 114-128).
Мирко Симјановски ( 1941-2025) беше професор по географија во Гимназија Кирил Пејчиновиќ, Тетово и потоа е директор во Текстилно училиште Гоце Стојчевски. Мирко со сопругата Благица (Блага) Деспотовска од Перса (нина Филипојца) и аџо Филип од родот Ѓурчееј ( Р. бр. 16 ) имаат две ќерки, Тања и Зорица. Тања Јовановска е правник и работи како професор во економско училиште 8 Септември,Тетово, а Зорица Јовановска е инжењер по хемија и работи и вработена е во клиничка лабораторија во медицински центар Тетово. Блага имаат четири внуци, од Тања, Ива и Неда и од Зорица Јана и Теодор.
Спасо Кироски ( 1944-2025) е генерација со сестра ми Милица. Спасо заврши медицински факултет во Скопје и работи прво како општ лекар во Болницата во Лешок, Амбулантата во Теарце и како ортопедски хирург во Медицинскиот центар во Тетово. Спасо со сопругата Мирјана, лекар специјалист по биохемија во Градска болница Тетово во бракот имаат две ќерки Даниела и Цветанка. Даниела како економист работи во Стопанска банка, која има ќерка Ема, архитект-магистер и син Кристијан, апсолвент на Информатика. Цвета Кироска дипломира Англиски јазик при Филолошки факултет, Скопје, е магистер за меѓународен менаџмент во Будимпешта и магистер за меѓународни односи во Германија. Цвета има два сина Констатнтин и Демијан.
Јованче Димовски со сопругата Цвета од Варвара има два сина Киро и Драган, кој млад умира. Јованче работеше во Југохром, Јегуновце.. Киро Димовски е оженет со Лидија од Теарце и имаат син Драган и ќерка Ирена. Драган Димовски со Вероника од Јанчиште имаат син Јаков, а Ирена